**_СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП_**

| Службен гласник | Број 8 | |
|---|---|---|
| на Општина Штип | 14 јули 2014 година | ГОДИНА LI |
| Излегува по потреба | Ш т и п | |

284.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА
ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА СРЦ „БРЕГАЛНИЦА“, КО ШТИП-ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за донесување на измена и дополнување на детален урбанистички план за СРЦ „Брегалница“, КО Штип-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-5011/2 | Општина Штип |
| 11 јули 2014 година | Градоначалник |
| Ш т и п | прим. м-р Илчо Захариев, с. р. |

285.

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 5 алинеја 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (,,Службен весник на РМ” број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2014 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СРЦ „БРЕГАЛНИЦА“, КО ШТИП-ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се донесува измена и дополнување на Детален урбанистички план за СРЦ „Брегалница“, КО Штип-Општина Штип (плански период 2011-2016) со површина на опфатот 4,79ха изработен од НИМАЕР-Струга, тех. број 310/11.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- Согласност број 14-7057/2 од 23.05.2014 година од Министерството за транспорт и врски-Сектор за уредување на просторот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 07-5011/1 | Совет на Општина Штип |
| 10 јули 2014 година | Претседател |
| Ш т и п | Влатко Миташев, с. р. |

286.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5012/2
11 јули 2014 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

287.

Врз основа на член 96 став 2 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 14/13) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП

Член 1

Во Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип („Службен гласник на Општината Штип“ број 11/10 и 01/13), табелата во член 4 се менува и гласи:

| *Ред. број* | *Потег* | *Вид на паркирање* | *Број на паркинг места* |
|---|---|---|---|
| 1 | Улица Васил Главинов (од мост кај црква Св. Никола – до мост кај Гимназија) | Надолжно – улично | 47 |
| | | Паркинг – Административна зграда на Општина Штип ($90^o$) | 18 |
| 2 | Улица Васил Главинов (од мост кај Гимназија – до Камен мост) | Надолжно – улично | 24 |
| 3 | Улица Ген.Михајло Апостолски (од Камен мост – до мост кај Стопанска банка) | Надолжно – улично | 16 |
| 4 | Улица Ген. Михајло Апостолски (од мост кај Стопанска банка – до мост кај Трговски центар (суд) | Надолжно – улично | 22 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Улица Ген. Михајло Апостолски (од мост кај Трговски центар (суд) – до крстосница Пролет) | Надолжно – улично | 58 |
| | | Паркинг – Суд (90$^{o}$) | 14 |
| 8 | Улица Маршал Тито (од мост кај Трговски центар – до мост кај Стопанска банка) | Надолжно – улично | 20 |
| | | Паркинг–Студентски дом (90$^{o}$) | 7 |
| 9 | Улица Маршал Тито (од мост кај Стопанска банка - до Камен мост) | Надолжно – улично | 15 |
| 10 | Улица Маршал Тито (од Камен мост – до мост кај хотел Оаза) | Надолжно – улично | 23 |
| | | Паркинг – хотел Оаза (60$^{o}$) | 41 |
| | | Паркинг – хотел Оаза (90$^{o}$) | 7 |
| | | Паркинг – хотел Оаза (180$^{o}$) | 13 |
| | | Паркин – плоштад – надолжно (180$^{o}$) | 8 |
| 11 | Улица Маршал Тито (од мост кај хотел Оаза – до црква Св. Никола) | Надолжно – улично | 43 |
| | | Паркинг – црква св. Никола – надолжно | 14 |
| 12 | Улица „Ванчо Прке“ (еднонасочна) | Улично – под 30$^{o}$ | 54 |
| | | позади Дом на култура (90$^{o}$) | 29 |
| 13 | Улица „Ванчо Прке“ | Паркинг – Нама (90$^{o}$) | 5 |
| | | Паркинг - Плоштад на пријателството (90$^{o}$) | 7 |
| | | Паркинг-Аргач (60$^{o}$) | 30 |
| 14 | Улица „Ванчо Прке“ - од Стопанска банка - до зграда Кубус (од десно гледано во правец кон трговски центар) | Улично -  под 45$^{o}$ | 16 |
| 15 | Улица „Ванчо Прке“ - позади трговски центар (десно гледано во правец кон трговски центар) | Надолжно-улично | 16 |
| | | Улично – под 45$^{o}$ | 21 |
| 16 | Улица „Ванчо Прке“ – позади трговски центар – пред зграда Кубус | Надолжно-улично (180$^{o}$) | 5 |
| 17 | Улица „Ванчо Прке“ | Паркинг–Маркет Зендолино под 45$^{o}$ | 5 |

Член 2

Во член 7 став 1 алинеја 5 се брише.

Член 3

Во член 12 се додава нов член 12-а кој гласи:

„Плаќањето на надоместокот за паркирање може да се врши на неколку начини и тоа:

1. со грепки
2. со општинска потврда за платен паркинг-налепница (т.н.вињета)
3. со СМС пораки

Грепката може да биде од час и целодневна.

Вињетата може да биде неделна, месечна или годишна.

Грепките ќе се продаваат на јавно достапни места во објекти со кои ЈП „Стипион 2011“ ќе склучи договор. На објектите каде ќе се продаваат грепки на видно место ќе биде истакната табла со ценовник на паркирањето.

Вињетата ќе се продава во просториите на ЈП „Стипион 2011“ или во посебни објекти (куќички) за наплата на надоместокот за паркирање поставени на јавно достапни места.

Плаќањето со СМС пораки ќе се уреди со посебен правилник.“

Член 4

Членот 19 се менува и гласи:

„Наплатата на паркирањето со СМС пораки ќе се воведе после 01.01.2015 година, односно веднаш по создавање на услови за тоа.“

Член 5

По член 19 се додава нов член 20 кој гласи:

„Постапките за јавна набавка на грепките и вињетите ќе ги спроведе ЈП „Стипион 2011“.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 07-5012/1
10 јули 2014 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

288.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
НА ОДЛУКАТА НА УО НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ НА УСЛУГИТЕ НА
ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА СО КОИ УПРАВУВА
ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката на УО на ЈП „Стипион 2011“-Штип за утврдување на ценовникот на услугите на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5013/2 — Општина Штип
11 јули 2014 година — Градоначалник
Ш т и п — прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

289.

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12 и 119/13) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УО НА
ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИК
НА УСЛУГИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА СО КОИ УПРАВУВА
ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“-Штип за утврдување на ценовникот на услугите на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката на управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“-Штип за утврдување на ценовникот на услугите на јавните

паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип, број 02-179/4, а донесена од управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“-Штип на седницата одржана на 17.06.2014 година и ценовникот на услугите на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип број 03-179/5 од 17.06.2014 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 07-5013/1 Совет на Општина Штип
10 јули 2014 година Претседател
Ш т и п Влатко Миташев

290.

Врз основа на член 11 став 2 точка 7 од Статутот на ЈП „Стипион 2011“-Штип („Сужбен гасник на Општина Штип“ број 08/13), управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“-Штип, едногласно донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ НА УСЛУГИТЕ
НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА СО КОИ УПРАВУВА
ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП

Член 1

Се утврдува ценовникот на услугите на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип.

Член 2

Ценовникот наведен во член 1 од оваа Одлука е составен дел на истата.

Член 3

Одуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 02-179/4 Управен одбор
17 јуни 2014 година на ЈП „Стипион 2011“-Штип
Ш т и п Претседател
Анчо Стојанов, с. р.

291.

Врз основа на член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ” број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09, 97/10, 06/12, 119/13 и 41/14), член 11 точка 7 од Статутот на Јавното претпријатие „Стипион 2011” - Штип Пречистен текст („Службен гласник на Општина Штип” број 08/13 ) и член 14 став 1 од Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање („Службен гласник на Општина Штип“ број 11/10), Одлука за измена на Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/13), управниот одбор на состанокот одржан на 17 јуни 2014 година, донесе

## Ц Е Н О В Н И К
## НА УСЛУГИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА СО КОИ УПРАВУВА ЈП „СТИПИОН 2011” - ШТИП

Член 1

Со овој Ценовник се утврдуваат цените на услуги за користење на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011”-Штип (во натамошниот текст: цени на услуги).

Член 2

Цените на услугите од член 1 на овој Ценовник се однесуваат на:

- сите физички и правни лица кои ги користат услугите на ЈП „Стипион 2011” -Штип.
- физички и правни лица кои ги исполнуваат условите од член 2 од Правилникот за издавање на картички за јавни паркиралишта на ЈП „Стипион 2011” -Штип.

Член 3

За користење на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011” -Штип се наплатува надоместок и тоа на:

1. Улица Васил Главинов (од мост кај црква Св. Никола - до мост кај Гимназија)

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

2. Улица Васил Главинов (од мост кај Гимназија - до Камен мост)

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час
- Улица Генерал Михајло Апостолски (од Камен мост - до мост кај Стопанска банка)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

- Улица Генерал Михајло Апостолски (од мост кај Стопанска банка - до мост кај Трговски центар (суд)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

3. Улица Генерал Михајло Апостолски (од мост кај Трговски центар (суд) - до крстосница Пролет)

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

4. Улица Христијан Карпош (од мост кај кулите - до ЈЗУ Здравен дом)

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

5. Улица Маршал Тито (од ЈЗУ Здравен дом - до мост кај Трговски центар)

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

6. Улица Маршал Тито (од мост кај Трговски центар - до мост кај Стопанска банка)

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

7. Улица Маршал Тито (од мост кај Стопанска банка - до Камен мост)

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час
- Улица Маршал Тито (од Камен мост - до мост кај хотел Оаза)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

8. Улица Маршал Тито (од мост кај хотел Оаза – до црква Св. Никола)

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

9. Улица „Ванчо Прке“ (еднонасочна)

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

10. Улица „Ванчо Прке“

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

11. Улица „Ванчо Прке“ - од Стопанска банка - до зграда Кубус (од десно гледано во правец кон трговски центар)

- за користење до еден час 20,00 денари;

- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

12. Улица „Ванчо Прке“ - позади трговски центар (десно гледано во правец кон трговски центар)

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

13. Улица „Ванчо Прке“ - позади трговски центар - пред зграда Кубус

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

14. Улица „Ванчо Прке“

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

За физички и правни лица од член 2 став 1 алинеја 2 од овој Ценовник цената на услуги е следна:

| | | |
|---|---|---|
| • | Дневен надомест | 80,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

1. За физичко лице кое има живеалиште на адреса каде се наоѓаат јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011”- Штип:

| | | |
|---|---|---|
| • | месечен надомест за прво возило | 160,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | месечен надомест за второ возило | 480,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

| | | |
|---|---|---|
| • | годишен надомест за прво возило | 1.000,00 денари (со вклучен 18%ДДВ) |
| • | годишен надомест за второ возило | 3.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

2. За физичко лице вработено во правно лице (деловен субјект) кое има седиште на адреса каде се наоѓаат јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011”-Штип:

| | | |
|---|---|---|
| • | месечен надомест за прво возило | 600,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | годишен надомест за прво возило | 6000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

3. За правно лице кои има седиште на адреса каде се наоѓаат јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011”-Штип:

| | | |
|---|---|---|
| • | месечен надомест за прво возило | 1.600,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | годишен надомест за прво возило | 16.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | месечен надомест (резервирано) | 2.800,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | годишен надомест (резервирано) | 28.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

За секое наредно возило цената за месечна претплата изнесува плус 1.200,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) по возило од цената за прво возило.

4. За правно лице кое има седиште на адреса каде се наоѓаат јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011”-Штип и кои ќе ги

користат услугите на ЈП „Стипион 2011”-Штип со минимум 10 службени возила:

| | | |
|---|---|---|
| • | месечен надомест за возило | 2.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | годишен надомест за возило | 20.400,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

5. За правно лице кое нема седиште на адреса каде се наоѓаат јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011”-Штип:

| | | |
|---|---|---|
| • | месечен надомест за прво возило | 2.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | годишен надомест за прво возило | 20.400,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | месечен надомест (резервирано) | 3.500,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | годишен надомест (резервирано) | 35.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

За секое наредно возило цената за месечна претплата изнесува плус 1.200,00 (со вклучен 18% ДДВ) по возило-од цената за прво возило.

6. За физичко и правно лице кое има договор за закуп на продажно место (тезга) со ЈП „Исар”, а ги користат јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011”-Штип

| | | |
|---|---|---|
| • | месечен надомест за прво возило | 472,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | годишен надомест за прво возило | 2.800,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

Член 4

За физичко лице корисник на универзална картичка, што овозможува пристап на сите јавни паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011” - Штип се утврдува:

| | | |
|---|---|---|
| • | месечен надомест за прво возило | 1.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | годишен надомест за прво возило | 8.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

За правно лице, корисник на универзална картичка, што овозможува пристап на сите јавни паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011”Штип се утврдува:

| | | |
|---|---|---|
| • | месечен надомест за прво возило | 2.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | годишен надомест за прво возило | 20.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

Член 5

Физички и правни лица ќе бидат ослободени од плаќање на надомест за користење на услуги на ЈП „Стипион 2011”-Штип доколку:

- паркиралиштето го користат единствено како премин до сопствено паркиралиште,
- за лица со посебни потреби и инвалиди на труд кои имаат адреса на живеење на јавно паркиралиште со кое управува ЈП „Стипион 2011”-Штип и поседуваат соодветна потврда.

Член 6

За изгубен билет-бар код картичка, корисникот има обврска да плати надомест од 500,00 денари.

При подигање на картичка за јавно паркиралиште корисникот има обврска да уплати еднократен паричен надомест во висина од 250,00 денари со вклучен ДДВ за изработка на картичка.

Во случај на блокирана картичка подолго од 1(еден) месец корисникот за реактивирање на картичка има обврска да плати надомест во висина од 500,00 денари со вклучен ДДВ.

Во случај на изгубена, украдена или оштетена картичка за јавно паркиралиште, корисникот плаќа надомест од 1.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Член 7

Ценовникот влегува во сила по добиената согласност од страна на Советот на Општина Штип и истиот ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 03-179/5
17 јуни 2014 година
Ш т и п

Управен одбор
на ЈП „Стипион 2011“-Штип
Претседател
Анчо Стојанов, с. р.

292.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ИЗМЕНА
ВО ЦЕНОВНИКОТ НА УСЛУГИТЕ НА
ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА СО КОИ УПРАВУВА
ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за измена во ценовникот на услугите на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5013/4 Општина Штип
11 јули 2014 година Градоначалник

Ш т и п прим. м-р Илчо Захариев

293.

Врз основа на член 46 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2014 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ИЗМЕНА ВО ЦЕНОВНИКОТ НА УСЛУГИТЕ НА
ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА СО КОИ УПРАВУВА
ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП

I

Се задолжува управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“-Штип во член 3 став 2 точка 2 од ценовникот на услугите на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип, да изврши измена во ценовникот на начин што терминот „(07-17)“ ќе биде избришан.

Коригираниот ценовник да се достави до Советот на Општина Штип во рок од 7 дена.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 07-5013/3 Совет на Општина Штип
10 јули 2014 година Претседател

Ш т и п Влатко Миташев

294.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
НА ОДЛУКАТА НА УО НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката на УО на ЈП „Стипион 2011“-Штип за изменување и дополнување на ценовникот за одржување на локални патишта и улици.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-5014/2 | Општина Штип |
| 11 јули 2014 година | Градоначалник |
| Ш т и п | прим. м-р Илчо Захариев, с. р. |

295.

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12 и 119/13) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
НА УО НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ
И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ
НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“-Штип за изменување и дополнување на Ценовникот за одржување на локални патишта и улици („Службен гласник на Општина Штип“ број 18/13).

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката на управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“-Штип за изменување и дополнување на Ценовникот за одржување на локални патишта и улици, број 02-179/3, донесена од управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“-Штип на седницата одржана на 17.06.2014 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 07-5014/1
10 јули 2014 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Влатко Миташев, с.р.

296.

Врз основа на член 11 став 2 од Статутот на ЈП „Стипион 2011“-Штип („Сужбен гасник на Општина Штип“ број 10/12 и 08/13), управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“-Штип, на состанокот одржан на 17 јуни 2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

Член 1

Во ценовникот на ЈП „Стипион 2011“-Штип за одржување на локални патишта и улици донесен со Одлука на советот број 02-379/5 од 4 ноември 2013 година објавена во „Службен гласник на Општина Штип“ број 18/13 се вршат следните измени и дополнувања:

- Во член 3 во насловот со број 2. „Инвестиционо одржување на комунално уредување на локалните патишта и улици“, по точката со број 29 се додава точка со број 29-А што гласи: „Сеење, селектирање, чистење и преуредување на камена коцка“ со цена од 370 денари за $м^2$.

Член 2

Останатите одредби од ценовникот на ЈП „Стипион 2011“-Штип за одржување на локални патиша и улици остануваат непроменети.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 02-179/3
17 јуни 2014 година

Штип

Управен одбор
на ЈП „Стипион 2011“-Штип
Претседател

Анчо Стојанов, с. р.

297.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ
ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ
НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

I

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5015/2
11 јули 2014 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

298.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 48 став 3 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Здружението на пензионери на општините Штип и Карбинци со седиште на ул. „Јосиф Ковачев“ бб - Штип се ослободува во целост од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на дом за стари лица на КП 834, КО Штип-1.

Член 2

Здружението на пензионери на општините Штип и Карбинци - Штип ќе ги изведе на свој трошок сите комунални приклучоци кои се составен дел од инфраструктурата на објектот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 07-5015/1
10 јули 2014 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

299.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ
ОД ПЛАЌАЊЕ НА КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ
НА УРБАНА ОПРЕМА

I

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за поставување на урбана опрема.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5016/2
11 јули 2014 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

300.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 48 став 3 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03,

18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА КОМУНАЛНА ТАКСА
ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Член 1

Здружението на пензионери на општините Штип и Карбинци со седиште на ул. „Јосиф Ковачев“ бб - Штип се ослободува од плаќање на комунална такса за поставување на урбана опрема во населба „Три Чешми“ на дел од КП број 552 КО Три Чешми.

Ослободувањето од плаќање на комунална такса се однесува на периодот за кој ќе биде издадено одобрението за поставување на урбаната опрема.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 07-5016/1
10 јули 2014 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

301.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ
ОД ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА
ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ
НА КП 553 - КО ТРИ ЧЕШМИ

I

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект на КП 553 - КО Три Чешми.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5017/2 Општина Штип
11 јули 2014 година Градоначалник

Ш т и п прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

302.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ
НА КП 553 КО ТРИ ЧЕШМИ

Член 1

Македонска православна црква (МПЦ), како подносител на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект со намена верски објект – црква во населба Три Чешми изграден на КП 553 КО Три Чешми, заведено под УП I број 17/11-7940 од 30.08.2011 година, се ослободува од обврската за плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправниот објект.

Член 2

Ослободувањето од обврската за плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправниот објект, се однесува на црквата „Свети Илија“, лоцирана во населба Три Чешми на КП 553 КО Три Чешми.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 07-5017/1 Совет на Општина Штип
10 јули 2014 година Претседател

Ш т и п Влатко Миташев, с. р.

303.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина

Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ВО ОПШТИНА ШТИП
КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА
„РОМЕД 2“ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

I

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритетни проекти во Општина Штип кои ќе се реализираат во рамки на програмата „РОМЕД 2“ на Советот на Европа.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5018/2
11 јули 2014 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

304.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на ден 10 јули 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ВО ОПШТИНА ШТИП
КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА „РОМЕД 2“
НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат приоритетни проекти кои ќе се реализираат на подрачјето на Општина Штип во рамки на програмата „РОМЕД 2“ на Советот на Европа.

Член 2

Како приоритетни проекти се утврдуваат:

- Асвалтирање, реконструкција и бетонирање на главните и споредните делови  на улиците „Радански пат“, „Косовска“, Света недела“ и „Широк дол“;
- Поставување на нова водоводна и канализациона мрежа на улиците „Радански пат“, „Косовска“, Света недела“ и „Широк дол“ онаму каде што нема поставено и реконструкција на постојната дотраена водоводна  и канализациона мрежа;
- Поставување на улично осветлување на  улиците „Радански пат“, „Косовска“, Света недела“ и „Широк дол“ на места каде што нема поставено.

Член 3

Средствата за реализација на проектите од член 2 на оваа Одлука во висина до 200.000.00 евра ќе се обезбедат од Советот на Европа во рамки на програмата „Ромед 2“.

Општина Штип ќе учествува  во реализацијата на проектите со 10% односно до 20.000.00 евра во денарска противвредност.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Штип.

Број 07-5018/1 — Совет на Општина Штип
10 јули 2014 година — Претседател
Ш т и п — Влатко Миташев, с. р.

305.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА
ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА КАРАТЕ КЛУБ „МАКЕДОНКА“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на карате клуб „Македонка“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5019/2
11 јули 2014 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

306.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Програмата за активностите на Општина Штип од областа на спортот за 2014 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 17/13) и член 3 од Правилникот за критериумите и постапка за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 11/09-пречистен текст, 09/11 и 14/13), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА КАРАТЕ КЛУБ „МАКЕДОНКА“ - ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на карате клуб „Македонка“ - Штип за годишна членарина и котизација за учество во Прва македонска карате лига за 2014 година, во износ од 48.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2014 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 07-5019/1
10 јули 2014 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

307.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА
ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА
ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА НЕПРЕДВИДУВАЊЕ НА ТРАСА НА СООБРАЌАЈНА
ИНФРАСТРУКТУРА КОЈА МИНУВА НИЗ КП 2003 - КО ШТИП 2

I

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за непредвидување на траса на сообраќајна инфраструктура која минува низ КП 2003 - КО Штип 2.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5020/2
11 јули 2014 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

308.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), а во врска со член 10 став 4 од Закон за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 44/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА
УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА
НЕПРЕДВИДУВАЊЕ НА ТРАСА НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
КОЈА МИНУВА НИЗ КП 2003 - КО ШТИП 2

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која не се предвидува траса на сообраќајна инфраструктура низ КП 2003 - КО Штип 2.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 07-5020/1 Совет на Општина Штип
10 јули 2014 година Претседател
Ш т и п Влатко Миташев, с. р.

309.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА УЛИЦА „ВАСИЛ ДОГАНЏИСКИ“

I

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на улица „Васил Доганџиски“.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5021/2 Општина Штип
11 јули 2014 година Градоначалник
Ш т и п прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

310.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ број 23/11, 54/11, 155/12, 72/13 и 44/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА УЛИЦА „ВАСИЛ ДОГАНЏИСКИ“

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се предвиди промена на траса на сообраќајна инфраструктура за сообраќајницата „Васил Доганџиски“ во делот во кој истата поминува низ КП 10524 - КО Штип 4.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 07-5021/1 Совет на Општина Штип
10 јули 2014 година Претседател
Ш т и п Влатко Миташев, с. р.

311.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА
ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА
ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА
ИНФРАСТРУКТУРА НА УЛИЦА „19-ТА БРИГАДА“

I

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на трасата на сообраќајната инфраструктура на улица „19-та Бригада“.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-5022/2 Општина Штип
11 јули 2014 година Градоначалник
Ш т и п прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

312.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ број 23/11, 54/11, 155/12, 72/13 и 44/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јули 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ
НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА
ПРОМЕНА НА ТРАСА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА
НА УЛИЦА „19-ТА БРИГАДА“

Член 1

